20110621666

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 27 април 2011 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ОЧНАТА ХИРУРГИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени по кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствените услуги од областа на очната хирургија кои се на товар на Фондот.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува следните здравствени услуги од областа на очната хирургија по следните цени:

Реден број	Назив на услугата	Референтна цена
1	2	3
1	Витректомија на заден сегмент	91,500
2	Аблација на мрежница	79,300
3	Замена на силиконско масло	82,500
4	Кератопластика трансплантација	201,300
5	Кератопротеза	90,000

Референтната цена ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6927/6
27 април 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирфан Хоџа, с.р.